**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Министерството за економија, согласно Програма за изменување и дополнување на Програмата за развој на туризмот за 2020 година – 4 сет мерки во 2020 година „Сл. весник на Република Северна Македонија“, бр. 269 од 10.11.2020 година објавува:**

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ВРАЌАЊЕ НА УПЛАТЕНАТА ТАКСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ ЗА 2019 ГОДИНА НА СИТЕ КАТЕГОРИЗИРАНИ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ

**1. Предмет на поддршка**: Враќање на уплатената такса за привремен престој за 2019 година на сите категоризирани угостителски објекти

**2. Право на учество** имаат сите категоризирани угостителски објекти за сместување

На овој јавен повик немаат право на учество:

- Угостителски објекти за сместување кои не се категоризирани
- Угостителски објекти кои се во постапка на ликвидација или стечај

**3. Намена на средства**

Со цел поддршка на Хотелиерството во Република Северна Македонија за време на Кризата со Ковид 19, Министерството за економија предвидува враќање на туристичка такса за 2019 година за сите угостителски објекти за сместување.

Со мерката транспарентно и ефикасно ќе се вратат средства директно на сите кои во 2019 година имаат уплатено туристичка такса.

**4. Износ на поддршка**

Износот на средства кој ќе биде доделен е во зависност од уплатената такса за 2019 година од страна на угостителскиот објект.

**5.Начин на аплицирање**

- Субјектите до Министерството за економија доставуваат електронско барање преку платформата www.domasiedoma.gov.mk или www.pushimenevend.gov.mk за враќање на износот на таксата за привремен престој уплатена за 2019 година.

**6. Потребни документи за пријавување – за правни лица**

- ТЕКОВНА СОСТОЈБА (документ издаден од од Централен регистар не постар од 3 месеци)
- РЕШЕНИЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА (документ издаден од Владата на Република Северна Македонија или Министерство за економија) или Барање за издавање на Решение (поднесено до Министерство за економија);
- ПРИЈАВА ЗА ИСПОЛНУВАЊЕ НА МИНИМАЛНО-ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ;
- УВЕРЕНИЕ ЗА ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ ОД УЈП не постаро од 3 (три) месеци и
- ДОКАЗ ЗА ПЛАТЕНА ТАКСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ (изводи од сметката од соодветната банка на уплата или налог за извршена уплата заверени со печат од банка)

**7. Потребни документи за пријавување – за физички лица**

- РЕШЕНИЕ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА (документ издаден од Општина)
- УВЕРЕНИЕ ОД УЈП ЗА ПЛАТЕНИ ДАНОЦИ (персонален данок)
- ДОКАЗ ЗА ПЛАТЕНА ТАКСА ЗА ПРИВРЕМЕН ПРЕСТОЈ (изводи од сметката од соодветната банка на уплата или налог за извршена уплата заверени со печат од банка)

**8. Краен рок за аплицирање**

Барањето со пропратната документација се доставува преку платформата **најдоцна до 28.11.2020 година.**

**НАПОМЕНА: Барањата за Враќање на износот на уплатената такса за привремен престој за 2019 година на сите категоризирани угостителски објекти ќе се разгледуваат по принципот ПРВ ДОЈДЕН ПРВ УСЛУЖЕН (Барањето кое нема да биде комплетно ќе го завземе последното место по реден број на поднесување на датумот на комплетирање на барањето).**
**За потврда на веродостојноста на податоците во поднесената документација Министерството за економија ќе изврши проверка со Министерство за финансии и УЈП.**

Комисија формирана од Министерот за економија ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви листа на одобрените барања.
Листата на одобрени барања на средствата за Враќање на уплатената такса за привремен престој за 2019 година ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија.

**За подетални информации да се обратите на :**
**тел:(02) 3093 543; (02) 3093 536 и (02) 3093 540 е-маил: info@economy.gov.mk**